До: Директорот на
СУГС Гимназија „Јосип Бро Тито“ – Скопје

НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на Правилникот за начинот и подрачјата за вршење на самоевалуацијата на средните училишта, комисијата за изготвување самоевалуација на работата на СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ Скопје за периодот од второто полугодие на 2021 г. до крајот првото полугодие на 2023 г. изврши самоевалуација за работата на училиштето.

Во текот на работата, тимовите имаа средби и разговори со вработените, извршија проверка на потребната документација, спроведоа анкети со ученици, наставници, родители и др.

Самоевалуацијата се изврши врз основа на добиените показатели од Интегралната евалуација спроведена од страна на на Државниот просветен инспекторат и Развојниот план на училиштето.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие реална слика за квалитетот во работењето на училиштето, напредокот-развојот и постигањата на ниво на училиште, напредокот и постигањата на училиштето, учениците и вработените, истовремено спознавајќи ги јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сите сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето, што ќе придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување како на наставните така и на воннаставните активности во училиштето. Заедничка цел на сите субјекти во

училиштето е слабите страни да се во сè помал број, или во целост се анулираат, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат, и бидат многу повидливи.

Со анализа и работа во седумте подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето, се добива податок за состојбата и работата во училиштето :

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

1. **Подрачје: Наставни планови и програми**

Индикатори:

- Реализација на наставните планови и програми
- Квалитет на наставните планови и програми
- Воннаставни активности

**Јаки страни:**

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи на МОН и БРО.

Наставните планови и програми се квалитетно изготвени и во пропишаниот обем, согласно календарот за работа.

На почетокот на учебната година професорите ги информираат учениците за содржините и временската рамка за реализација на наставните програми,

Училиштето нуди повеќе изборни предмети (повеќе од три) и учениците самостојно одлучуваат во изборот на предметите, со консултација со родители/старатели.

Училиштето има План на активности за реализација на еколошки теми и активноти/проекти во текот на наставата, согласно насоките (во тематските планови се инкорпорираат еколошки содржини),

Училиштето покажува солидни примери за вградување на меѓупредметните – теми со иста/слична содржина и цел која придонесува за меѓусебна соработка, а кај учениците развива одредени вештини, самодоверба, одговорност, почитување на различноста и сл.

Воннаставните активности, како задолжителен дел од воспитно образовниот процес, во училиштето редовно се реализираат, истите придонесуваат примена на теоријата во пракса, ангажираност, одговорност а воедно помагаат во социјалниот развој на ученикот, а понатаму и во неговиот натамошен професионален развој.

Преку воннаставните активности се негува толеранцијата и хуманите меѓучовечки односи без оглед на половата и етничката припадност на учениците или нивниот социо-економски статус,

Учениците максимално се поттикнуваат да земат активно учество во разновидни манифестации во и надвор од училиштето, а многу често и самите да иницираат таква активност.

Учеството на учениците во различни видови на активности, натпревари на локално, национално и меѓународно ниво, рапидно придонесе за афирмација на училиштето, што може да се види од искажаниот интерес на учениците за ова училиште.

**Слаби страни:**

Слабиот интерес на учениците за часовите по дополнителна и додатна настава. е една од слабите страни. Во овој дел потребно е да се работи со родителите но и на мотивација на учениците со нагласување на придобивките од следење на овие часови (поправање на негативните оценки, добивање повисоки оценки, поуспешно совладување и разбирање на материјалот, дополнителни знаења...),

Иако во училиштето се работи на изедначување на критериумите за оценување на ниво на активи, очекуваното ниво не е постигнато. Покрај почитувањето на општите критериуми за оценување, предлагаме стручните активи и понатаму да продолжат да работат на изедначени критериуми за оценување, ќе се однесуваат на одделните теми и наставни содржини, ова особено кај природните науки.

Потребно е навремено планирање на проектните активности – како задолжителен дел од наставниот процес и реализирање според определената временска рамка,

За реализацијата на вонаставните активности дел од професорите изработуваат годишни планови на ниво на активи. За вклучување на сите ученици и систематизиран пристап во нивна реализација се препорачува задолжитено нивно годишно планирање и нивно структурирање во форма на работа на училишни секции.

Во планирањето на вонаставните активности со сопствени идеи и предлози во поглед на изборот на вонаставните активности и начинот на нивната реализација, потребна е поголема информираност за активно да се вклучат учениците па и родителите, преку класните совети, активите и советот на родители.

## 2. Подрачје: Постигања на учениците

Индикатори:

- Постигнувања на учениците
- Задржување / осипување на учениците
- Повторување на учениците

**Јаки страни:**

Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигнувањата на учениците по квартални периоди периоди, (полугодие и крај на годината) правејќи споредбени анализи во однос на успехот. , и квантитет -зад/осип на ученици

Во основа, сите ученици ја завршуваат учебната година, иако успехот е различен, ако споредуваме низ годините наназад, особено на крајот на наствните години.

При оценување на учениците, се почитуваат стандардите дадени од БРО, воедно почитуваќи ги критериумите на ниво на актив – кај одредени активи,

Активно и се помасовно учество на ученици на натпревари и постигнување високи резултати,

Помош на учениците во вид на дополнителна и додатна настава,

Кооперативен однос на наставниците со педагошката служба, од минатата година имаме и училишен психолог, согласно потрбите

Соодветен високообразован, стручен и обучен наставен кадар,

Можност за соработка со други училишта од земјата и странство, - еразмус проекти,

Обезбедување /спроведување на квалитетни обуки за унапредување на наставниот кадар следејќи ги образовните трендови (прроблеми и предизвици),

Релативно висок среден успех во сите четири години.

Не е забележан процес на осипување туку напротив наплив на ученици од други училишта.

Нема ученици кои ја повторуваат годината.

**Слаби страни:**

Недоволно користење/примена на IT технологија и покрај соодветни услови и достапноста на IT опрема, во наставниот пеоцес, сè уште не е достигнато ново од 100%.

Кај дел од наставниците и покрај обуките, сè уште има недоследна имплементација на современи наставни методи на предавање, учење и подучување,

Наставни планови за деца со посебни образовни потреби (во училиштето нема пријавени ученици со посебни образовни потреби),

3. **Подрачје: Учење и настава**

Индикатори:

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на потребите на учениците
- Оценувањето како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците

**Јаки страни:**

Наставата се реализира согласно годишните наставни планови и програми,

Редовно се организира и реализира додатна и дополнителна настава, проектни активности и вон наставни активности.

Следење на развојот на секој ученик, индивидуално

Наставниот кадар континуирано се надградува преку разни сертифицирани работилници, конференции, семинари, обуки,

Во наставниот процес е опфатено и користењето на компјутерската технологија (ИКТ)

**Слаби страни:**

Обемни, а во дел и застарени наставни програми, преоптовареност на учениците со обемната содржина , води кон тоа, дел од учениците да неможат да го совладаат материјалот, во рок да ги завршаат задолженијата асо тоа и да ги постигнат планираните цели и успех.

Во стручната служба во училиштето има психолог и педагог. Поради големиот број на паралелки-51 и ученици, родители /старатели, потребни се уште најмалку 2 лица во стручната служба: дефеклтолог и социолог.

4. **Подрачје: Поддршка на учениците**

Индикатори:

- Севкупна грижа за учениците
- Здравје
- Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
- Следење на напредокот

**Јаки страни:**

Инфраструктурно, училиштето ги има обезбедено на највисоко ниво. Согласно стандардите сите потребни услови за да обезбеди, безбедни и пријатни услови за изведување на воспитно-образовниот процес,

Инфраструктурата на училиштето, промените во (инвентарот, мебелот, осветлување, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот,...) е солидна и соодветна и овозможува заштита од повреди, на учениците и вработените

Хигиената е на едно завидно ниво,

Квалитетни и во доволен обем наставно-образовни помагала.

Училиштето се грижи и помага на учениците, во споделувањето на информации кои би им помогнале во одлуката за нивното понатамошно образовани/кариерен развој.

Изработка на извештаи со анализа на постигнатиот успех -по предмети на ниво на паралелки,

Соработка со локалната заедница,

Севкупна помош на социјално- ранливи ученици

Младинска канцеларија за средношколски активизам, кариерен центар,

**Слаби страни:**

Училиштето не може да обезбеди контрола на квалитетот на храната што се нуди на учениците во најблиските продавници, а влијае на нивното здравје

Недоволната инволвираност на локалната зедница и институции кои би можеле да обезбедаат помош на ранливите категории на ученици, надвор од училиштето

5. **Подрачје: Училишна клима и односи во училиштето**

Индикатори:

- Училишна клима и односи во училиштето
- Промовирање на постигањата
- Еднаквост и правичност
- Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

**Јаки страни:**

Оставарување на мисијата и визијата, развојниот план на училиштето

Постоење на кодекс на однесување кој се однесува на сите структури на училиштето,

Реализација на повеќе проекти и активности за промоција на мултикултутализмот во училиштето,

Негување и вреднување на етничката, културната и верската разноликост во училиштето,

Промовирање на еднаквост и правичност како темелни вредности,

Училишна политика за почитување на правата на децата,

Постојано ажурурање на ВЕБ и Фб страна на која се промовира училиштето (информации за, настани, активности, програми, постигнувања, учества..)брошури,...

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност,

Родителите навремено се известуваат за постигањата на учениците,

Соработка со одборите и советот на родители во донесувањето на дел од одлуките во училиштето.

Соработка со локалната заедница за унапредување на воспитно-образовниот процес и вклученост на учениците надвор од училиштето.

**Слаби страни:**

Изолирани случаи на ученици кои сметаат дека не се прифатени од наставниците и другите ученици,

Изолирани случаи на меѓуврсничко насилство /булинг

Дел од учениците иако во мн. мал %, за жал, немаат високи очекувања од самите себе и од другите,

Дел од наставниците не сакаат да ја согледаат суштината на "пофалување" како начин на мотивирање.

**6. Подрачје: Ресурси**

Индикатори:

- Сместување и просторни капацитети
- Наставни средства и материјали
- Обезбедување на потребен наставен кадар
- Следење на развојните потреби на наставниот кадар
- Финансиско работење на училиштето

**Јаки страни:**

Доволен број на училиници. кабинети, терени за спорт-спортски активности, библиотека и помошни простории.

Обезбедени наставно - образовни помагала за реализација на квалитетна настава.

Целосна опременест на кабинети, училници и наставничка канцеларија со ИТ опрема и канцелариско -потрошен материјал.

Доволен број на високообразовен наставен кадар за непречено одвивање на воспитно- образовниот процес.

Стручната служба обезбедува поддршка на наставниците во организирање и изведување на наставата, советувања.

Посветување на посебно внимание – работа и стручна помош на приправниците.

Реализација сертифицирани обуки, семинари конференции за професионал развој на наставниот кадар, согласно потребите.

Механизми за брза и соодветна замена на наставник кој е подолго отсутен

**Слаби страни:**

Изработка на индивидуален план за професионален развој на наставниците.

Изолирани случаи на наставници кои не земаат учество во обуки, семинари и конференции.

## 7. Подрачје: Управување, раководење и креирање политика

Индикатори:

- Управување и раководење со училиштето
- Цели и креирање на училишната политика
- Развојно планирање

**Јаки страни:**

Професионален однос кон работата, јасно поставени цели.

Можност да се промовира индивидуалната и тимска работа во училиштето,

Континуирано подобрување на инфраструктурните и условите за работа.

Солидна соработка со локалната самоуправа, и стручните тела во училиштето

Промовирање на училиштето во континуитет, уписна политика

Следење и реализација на стратешките цели од развој план.

**Слаби страни:**

Потреба од целосна вклученост на обуки на наставниот кадар кои ќе бидат во насока на воведување на иновативност во наставата.

**Идни активности:**

Како идни активности кои би придонеле во намалување на слабите страни, и подобрување на квалитетот на воспитно образовниот- процес и постигнување на мн.

повисоки резултати се приоритетни подподрачја а кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето,

Интензивно да се работи со учениците и родителите со нагласување на придобивките на редовно следење на дополнителна и додоатна настава (поправање на негативните оценки, добивање повисоки оценки, поуспешно совладување и разбирање на материјалот...),

Стручните активи во континуитет да работат на донесување на специфицирани критериуми за оценување.

Задолжитено структурирање на вон-наставните активности во форма на работа на училишни секции,

Потребна е поголема информираност и инволвираност на родителите во воннаставните активности поврзани со еколошките теми како што се еко-секциите, еко-патролата, еко-одборот и други еко активности,

Поголема имплементација на современи наставни методи на предавање, учење и поучување,

Интензивна соработка со надлежни институци за поголема помош на ранлива категорија на ученици,

Целосна вклученост на наставниот кадар на обуките, семинарите кои ќе бидат во насока на нивниот професионален развој.

**Работна група за Самоевалуација**

**Претседател:** Силвана Кржовска-директор

**Координатори**:

Маја Војнеска-педагог

Кристина Атанасова - психолог

**Членови:**

Јулија Ликоска Угриноска – библиотекар
Алмир Меловиќ
Ирена Трајковска
Катерина Божиновска – Поповска
Ангелина Дамјаноска – Наумоска
Гоце Ѓорѓиоски
Анкица Наумовска
Анета Димовски

Скопје,

Декември 2023г.